Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 220/5
18.03.2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–220/1 од 07.02.2024 година, поднесена од [redacted] од Неготино, со адреса на живеење на [redacted] во Неготино, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–220/1 од 07.02.2024 година, поднесена од [redacted] од Неготино, **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## Образложение

На 07.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Неготино, за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Согласно наводите изнесени во претставката и доуредувањето на истата, подносителката истакна дека е вработена во ОВР Неготино при Министерство за внатрешни работи и смета дека била дискриминирана, експлоатирана и потчинета во однос на кадровските одлуки на претпоставените и одговорни во институцијата. Посочува дека со три систематизирани работни позиции во организационата единица ОСИД за Неготно, таа четврта година работела сама по усно зададени задолженија откако работното место Виш аналитичар останало упразнето. Во тој период биле објавени три огласи за пополнување на ова упразнето работно место на кои подносителката конкурирала и не била избрана, местото останало упразнето, а таа ги извршувала работните задолженија и била оценувана со високи оценки за успешното работење. Воедно посочува дека по ниту еден оглас не добила известување за исходот. Посочува дека е со соодветно образование и дваесетгодишно работно искуство во ОСИД за Неготино, споредувајќи дека другите вработени ги унапредиле во две или три нивоа повисоки работни места со само по три години работно искуство поради што именуваната наоѓа дека е дискриминирана. Посочува дека во моментот има решение кое е согласно претходна систематизација и нема сознанија зошто не е распоредена согласно постојната систематизација па го поставува прашањето дали согласно

законските решенија е потребно сите вработени да бидат распоредени според важечката систематизација на работните места.

Од изнесеното во претставката и доуредувањето на истата, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, во врска со наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација, Комисијата ја упатува подносителката да се обрати до надлежниот Државен инспекторат за труд како надлежен орган за вршење инспекциски надзори и инспекциски работи од областа на работното законодавство, како и вршење на инспекциски надзор кај работодавците за начинот на примена на законите и другите прописи од областа на работното законодавство, колективните договори и договорите за работа.

Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивнот на овој заклучок.

Скопје
18.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk